**20262684860**

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

□ Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2, член 54 точка 2 потточка 2.8, а во врска со член 110 став (2) точка 15 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25, 135/25 и 172/26) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 13 ноември 2026 година донесе:

## ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. Се одобруваат Правилата за изменување и дополнување на Правилата за работа на организираниот пазар на електрична енергија доставени од страна на Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје.
2. Се задолжува Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје да ги донесе одобрените Правила од точка 1 од оваа одлука и да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на својата веб-страница.
3. Оваа одлука се доставува до Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје.
4. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Ристов,** с.р.

Бр. 12-1520/4
13 ноември 2026 година
Скопје